# Вести од светот
## за млади и возрасни



2017 • **ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОАЗИСКА ДИВИЗИЈА



www.AdventistMission.org

# Нашите дарови на дело



Во текот на 2014 година, мисионските дарови на 13-тата сабота помогнаа да се изгради сала за духовни состаноци за народот во Бутан. Центарот за обука во североисточна Индија, на границата со Бутан, сега се употребува за обука на работниците-лаици кои служат на Бутанците што ја минуваат границата и доаѓаат во Индија. Во таа зграда се наоѓа и центар за богослужение и детска саботна школа, за децата на новите верници. Ви благодариме што ги приложувате своите дарувања за да може Божјето дело да напредува меѓу луѓето во овој крај.

## СОДРЖИНА


**Централна Индија**

4 Нов центар за обука во Индија / 1 јули
5 Оној што си ја тепа жената, I дел / 8 јули
10 Оној што си ја тепа жената, II дел / 15 јули

**Западна Индија**

13 Благослов од кралот / 22 јули
15 4 пастори, 4 ученици / 29 јули Т
18 Молитвата направила водата од бунарот да блика / 5 август

**Североисточна Индија**

21 Јас сакам да бидам евангелист / 12 август Т
24 Избегнувани поради саботата, II дел / 19 август
26 Како едно село ги прифатило адвентистите / 26 август
29 Сладок, среќен дом / 2 септември
34 Изгубена и најдена/ 9 септември Т
37 Своеволниот татко го наоѓа Исуса/ 16 септември Т

**Извори**

40 Специјални повици за собирање дарови од Индија / 24 септември
41 Идни проекти на 13-тата сабота
42 Извори


Т = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Јужноазиската Дивизија (ЈАД) која ги опфаќа следните држави: Бутан, Индија и Непал, како и островот Малдиви. Сториите од ова тримесечје доаѓаат од Индија.

**ПРЕДИЗВИЦИ**

Во оваа област живеат речиси 1,3 милијарди жители, и повеќе од 1,6 милиони адвентисти, што претставува однос - еден адвентист на секои 870 луѓе. Најголемиот раст се случил во изминатите 20 години. Во 1995 година, оваа дивизија броела нешто помалку од 200.000 луѓе.

Темелите на овој голем раст во изминатите 100 години биле производ на постоењето на многу адвентистички школи во оваа област. Илјадници нехристијански ученици и студенти се запишувале во адвентистичките школи во кои можеле да го научат англискиот јазик, еден од главните јазици во Индија. Тие научиле многу повеќе од англискиот јазик, бидејќи библиските часови и секојдневните, како и седмичните богослуженија, биле дел од училишната програма. Многу од овие деца биле крстени во текот на стекнувањето на своето образование. Многу од оние кои не се крстени биле под влијание на христијанските вредности.

Денес адвентистичките училишта настојуваат да ја градат репутацијата на одлични академски установи, како оние кои се грижат доброто на децата и природната околина. Од година во година расте бројот на запишани деца во училиштата, што честопати и го надминува капацитетот. Проширувањето на 4 школи во Индија ќе им помогне на многу деца да стекнат одлично образование додека го запознаваат Исуса и Неговата љубов.

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе одат за:

1. Изградба на центар за обука, црковни состаноци, разни програми во Теленгана во централна Индија.
2. Изградба на женски спални соби во Нагаладна во североисточна Индија.
3. Изградба на женски спални во Џејмс мемориjално средното училиште во Тамил Наду во југоисточна Индија.
4. Изградба на блок од школски училници во Велерада средното адвентистичко училиште во Керала на југот од Индија.
5. Изградба на блок од училници во адвентистичкото средно училиште Алате во Махаратра, во западна Индија.

Како што црквата во Јужна Азија продолжува да расте и да напредува, така расте и потребата за централизиран дивизиски центар за обука, со обласни објекти. Центарот за обука веќе е во изградба во Ибрахимпатнам, голем град во централна Индија. Овој објект ќе им помогне на пасторите, пионерите на светската мисија и верниците на лаиците да ја стекнат обуката која им е потребна за да можат да направат значајна разлика во животот на оние на кои им служат. Овој центар за обука, покрај останатото, ќе има спални соби и кафетерии, со што ќе се намалат трошоците за изнајмување на простории за одржување на семинари и обуки во текот на годината. Овие објекти ќе бидат употребени и како централизирани центри – области, наменети за црковните водачи и нивните активности во текот на годината.

**СПЕЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

Мисионското списание сега може да се чита и на фејбук на англиски јазик. Посетете и лајкувајте ја нашата фејсбук страница на:

Facebook.com/missionquarterlies

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видео-записот, кој ги изнесува искуствата на луѓето од многу краишта на светот, со посебен фокус на примателите на мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео клип и линк на интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видео-клиповите онлајн.

Дополнителни информации и активности: Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-сајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации.

Ви благодариме што помагате членовите на вашето саботношколско одделение да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионерството на црквата со своите дарувања. Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

# Нов центар за обука



Централна Индија / 1 Јули 2017

Вара Прасад Јаков

Работите наголемо се одвиваат во големиот центар на христијанската адвентистичка црква за обука во централната област во Индија. Трикатната зграда ќе им овозможи на црковните водачи да организираат поголеми состаноци. Децата на школска возраст велат дека ним ќе им помогне за да ги повикуваат своите неадвентистички другари да дојдат во нивната црква.

Овој центар претставува еден од петте проекти кој ова тримесечје ќе прими пари од даровите на 13-тата сабота.

Полниот назив на овој центар е пионерски меморијален ученички тренинг центар.

Наречен е така според првите адвентистички мисионери кои дошле во овие предели на централна Индија пред 100 години. Овие мисионери не биле од САД или Европа, и тие биле првата генерација индиски адвентисти. Тие се темел на адвентистичкото дело во централна Индија денес.

Пионерскиот меморијален ученички тренинг центар (ПМУТЦ) ќе има голем аудиториум, простории за одржување на семинари, кафетерија и гостински соби. Овој објект се наоѓа на пространо земјиште, јужно од црковната област Андхра.

Овој центар ќе им биде на располагање на верниците на црквата од Јужноазиската дивизија.

Вара Прасад Јаков е претседател на оваа црковна област, и е воодушевен од изградбата на овој центар за обука.

Тој вели „Ние немаме ниту еден објект за обука во целата наша дивизија. Имаме средни и основни училишта, но немаме ниту еден центар за обука".

Тој е посебно одушевен што овој семинар ќе има сала со 1000 места, гостински соби и голема трпезарија. Моментално, верниците кои

доаѓаат на состаноци за обука, мораат да престојуваат во хотелите и да патуваат до конференциската сала, да одат да јадат во ресторан, и сето тоа ги зголемува трошоците за организација на каков било поголем собир.

Трошоците за изградба на првите два ката на овој центар веќе се покриени од страна на еден приватен донатор. Тој дел од објектот, според планот, би требало да биде завршен до крајот на ова тримесечје.

Дел од даровите за 13-тата сабота, ќе помогнат да се изгради третиот кат, на кој ќе се наоѓаат гостинските соби. Севкупно, изградбата на овој центар ќе чини 50 милиони рупии (730. 000 американски долари).

Црковните водачи сметаат дека неговата локација е иделно место. Земјиштето на оваа црковна област се простира на 24 хектари, во дел на Индија кој е релативно отворен за христијанството. Црковните водачи сметаат дека повеќето евангелизациски активности се одвиваат во овој дел од државата, бидејќи овде е многу полесно да се проповеда отколку во некои други краишта на Индија.

Овој терен се наоѓа на околу еден час возење од главниот град на оваа област, и е многу пристапен, било да се доаѓа со автобус, воз или авион.

## Брзи факти

**Индија е седма по големина држава во светот, 1/3 од големината на САД, но во неа живеат повеќе од 1,3 милијарди луѓе, а тоа ја прави, по Кина, втора земја во светот според бројот на жители.**

**Индија има 10,000 големи градови, од кои 50 се со популација поголема од милион жители. Но, сепак, повеќето жители од оваа држава и понатаму се наоѓаат во некои од 600,000-те градови или села.**

**Иако индиската економија брзо напредува, многу луѓе и понатаму живеат под границите на сиромаштијата. Околу половина од жителите на Индија не знаат ни да читаат ни да пишуваат. Мнозина страдаат од разни болести и неисхранетост.**

**Училишните деца имаат полза**

Можеби децата во училиштето што се наоѓа на истиот посед се меѓу оние кои најмногу се радуваат на овој центар за обука.

Локалното училиште, во кое се образуваат нешто повеќе од 700 ученици, главно од адвентистичките семејства, нема доволно голема зграда која би можела сите да ги собере за време на богослуженијата во сабота.

Во црковната зграда засега има место за 250 луѓе. Уште неколку десетина други се туркаат

во училишната трпезарија секоја сабота.

Овој центар за обука ќе може да ги прими сите деца на заедничка богослужба, кога нема да се користи за состаноци и обука. Учениците сметаат дека тоа ќе им олесни да ги канат своите пријатели, кои не се адвентисти, да доаѓаат во идната голема сала.

Јован, кој има 16 години и оди во десетто одделение вели: „Сакам сите заедно да бидеме на богослужение“. Јован не бил адвентист отсекогаш. За Бога и за саботата дознал во адвентистичкото училиште. Тој е еден од 450-те ученици кои живеат во ученичкиот дом.

Секогаш кога доаѓал дома, Јован на својот татко му раскажувал што учел на училиште. Кога бил во осмо одделение, неговиот татко решил да се крсти. И Јован исто така се крстил една година подоцна. Јован не е единствениот ученик која сака да го прославува Бога во новиот центар.

Седумнаесетгодишната Винутна сака да пее. Таа вели дека постоечката црква е мошне мала, и затоа водачот на хорот морал да го ограничи бројот на ученици на 35 деца кои пеат во сабота, бидејќи нема простор за повеќе. Меѓутоа, кога учениците ќе се собираат во новиот центар, уште многумина ќе можат да го прославуваат Бога со своите гласови.

„Навистина сум среќна што новата црковна зграда ќе биде изградена“, вели таа. „Ќе имаме голем хор кој ќе пее и ќе го прославува Бога на богослуженијата во сабота.

Ве молиме да го имате ПМУТЦ во своите молитви кога ќе ги приложувате своите мисионски дарувања.



# Оној што си ја тепа жената, 1 дел

Централна Индија/ 8 јули 2017

Чадамла, 42

Чадамла излегол од адвентистичката црква во својот град едно саботно утро. Неговиот живот не се движел по добар пат.

Заработувал добро возејќи такси на три тркала. Меѓутоа, бил загрижен затоа што чувствувал дека неговиот брак се распаѓа. Тој ја тепал својата сопруга неколку пати месечно, и му се чинело дека тоа нема никогаш да се промени.

Го слушнал гласот на пасторот кога минувал покрај црквата, и застанал да слушне. Пасторот зборувал пред својата саботношколска класа за Јаков. Ги опишувал скалите кои допирале до небото, ангелите кои оделе горе-долу по тие скали и Јаков кој се заветувал дека ќе даде 10% од својот приход на Господа за сите благослови што ги примал од Него.

Кога поуката во саботношколското одделение завршила, Чадамла влегол во црквата и го запрашал пасторот од каде е приказната што ја изнел. Пасторот му дал примерок од саботношколската поука и Библија. Чадамла му се заблагодарил на пасторот, излегол од црквата и тргнал кон својот дом.

**Проблемот на Чадамла**

Тоа попладне Чадамла размислувал за она што го слушнал во црквата. Размислувал за тоа како постепено почнал да станува толку суров кон својата сопруга.

Тепањето почнало 3 месеци по нивната венчавка. Чадамла во тоа време имал 22 години, а неговата сопруга осумнаесет. И двајцата влечеле длабоки корени од хиндуизмот.

Чадамла го добил своето име во чест на хинду богот на ветрот. Неговата сопруга го добила името според хинду божица.

И уште пред да бидат венчани, сопругата на Чадамла знаела дека била избрана од духовите. Тие би ја обзеле за време на религиозните ритуали и тогаш губела контрола над своето тело, иг-

рајќи и кинејќи ја својата облека.

Селаните ја повикувале на спиритистички состаноци во нивните домови. Кога паѓала во транс, тие барале совети од духовите и таа зборувала.

Иако бил хиндуист, Чадамла не сакал неговата сопруга да учествува во спиритистички сеанси.

Бил посебно вознемирен од начинот на кој се завршувал секој спиритистички состанок. Неговата сопруга, откако ќе го напуштела домот во кој се одржувал состанокот, сè подиво играла по улицата до најблискиот олтар каде што принесувала жртва - петел или помала коза. По жртвувањето на животните, нејзиното лице и облека биле крвави. Кратко време по принесувањето на жртвата, таа се враќала во нормала и си одела дома.

„Никогаш не ги сакав тие ритуали“, рекол Чадамла.

„Не сакав да ја гледам мојата сопруга опседната“. Тогаш викав по неа и ја тепав, не сакајќи да ѝ дозволам повеќе да оди на таквите сеанси“.

**Влијанието на ѓаволот**

По секое претепување на сопругата се чувствувал лошо, но не можел да престане. Дури подоцна увидел дека истиот дух што ја опседнувал неговата сопруга се манифестирал и во неговото однесување.

„Не знаев дека ѓаволски дух ме провоцираше да ја тепам мојата сопруга, меѓутоа, откако почнав да ја читам Библијата, по некое време сфатив дека и духот на ароганција потекнува од сатаната“.

Додека ја тепал, па дури и ја претепувал, неговата сопруга би

## Мисионски информации

**Индија има популација од 1,3 милијарди жители. Христијанската адвентистичка црква има скоро 1,6 милиони верници, што претставува однос од 1 адвентист на 870 луѓе.**

**Мнозинството од верништвото на црквата е резултат на дејствувањето на адвентистичките училишта и евангелизациските напори во последните 25 години.**

**Јужноазиската дивизија (ЈАД) нема некој доволно голем простор во кој би можела да организира обласни состаноци на сите заинтересирани верници, и поради тоа мора да изнајмува простор во градските сали и хотели, што е претерано скапо.**

**Дел од даровите за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на обласен центар за обука во централна Индија, кој ќе биде од полза на луѓето во овој јужен дел на Азија.**

го гледала и полна со инает и горделивост знаела да вика:, „што мислиш која сум јас, за да можеш така да ме тепаш?“

Понекогаш бегала кај своите родители додека Чадамла не се смири, но секогаш се враќала назад и продолжувала да ги применува ритуалите.

Дури двапати претрпела پометнување за време на тие ритуали.

Во таквите мигови од својот живот Чадамла минувал покрај адвентистичката црква, која се наоѓала во близина на неговата куќа. Кога го слушнал коментарот на пасторот за Јаков, сакал повеќе да дознае за тоа. Чадамла немал ни најмала претстава колку овој состанок во адвентистичката црква ќе го промени неговиот живот.

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе се употреби за изградба на обласниот центар за обука, околу 30 км од домот на Чадамла во централна Индија.

Тоа ќе биде првиот поголем обласен центар за обука во целата јужноазиска дивизија. Овој центар ќе можат да го користат локалните верници, како Чадамла, пасторите и работниците -лаици насекаде во оваа дивизија.

*(Ќе продолжи наредната седмица)*



# Оној што си ја тепа жената, 2 дел

Централна Индија | 15 јули 2017

Самуел, 42

*(продолжение од минатата седмица)*

Денешниот тек на приказната: Сопругата на Чадамла често одела на спиритистички сеанси, дозволувајќи да биде заоседната од духовите. Чадамла мразел што неговата сопруга дозволувала да биде опседната со духови и ја терал да прекине со тоа. Кога би дознал дека присуствува на такви спиритистички сеанси, тој станувал толку бесен што почнувал да ја тепа поради тоа што не ја слуша нејзината волја и што си дозволува да потпадне под влијание на силата на духовите. Кога и да го правел

тоа, му станувало жал што е толку суров кон неа и што ја тепа, меѓутоа, никако не можел да го контролира својот гнев. А потоа, една сабота поминал покрај адвентистичката црква која се наоѓала во близина на неговата куќа и слушнал како некој внатре зборува за човек по име Јаков. Застанал и слушал неколку минути. Кога завршила програмата, влегол во црквата и побарал да разговара со човекот кој зборувал за Јаков. Кога се запознале, дознал дека говорникот бил пастор на оваа мала црква.

Чадамла му рекол на пасторот дека го слушал од улицата и побарал да му кажува повеќе за она што го учат во оваа црква. Пасторот му дал примерок од саботношколската поука и Библија.

**Кажете ми повеќе**

За само неколку дена Чадамла ја прочитал целата поука, како и секој библиски текст што се спомнувал во поуката. А, потоа повторно дошол во црквата и го прашал пасторот: „Кажете ми уште повеќе за Бога, за истиот Бог за кој се зборува во оваа книга и во Библијата“, замолил тој.

Пасторот му одговорил дека ќе биде многу среќен да му зборува за Бога и овие двајца набргу почнале заедно да ја проучуваат Библијата. Во текот на проучувањето, Чадамла дошол до стихот „Не знаете ли дека сте Божји храм и дека Божјиот Дух живее во вас?“ (1. Коринќаните 3,16). Размислувал за значењето на тие зборови и заклучил – бидејќи телото е храм на Светиот Дух, ни-

## Брзи факти

**Брзорастечкото верништво на христијанската адвентистичка црква во Индија ги растегнува своите средства за обука на пастори, верници лаици и специјализирани служби, како што е службата за жени, за деца, повереничката служба, лаичките евангелизации и многу други.**

**Новиот пионерски меморијален центар за обука ќе овозможи сё што е неопходно за поголема група кога ќе се организираат различни семинари во црквата за верници низ цела јужна Азија. Овој нов објект ќе има голема сала која ќе може да прими 1000 луѓе, кафетерија и други простории кои ќе бидат достапни во текот на целата година.**

**Кога центарот нема да се користи, блиската интернатска академија се надева дека ќе може да ја користи конференциската сала како црква која ќе може да прими поголема група на верници.**

кој нема право да му нанесува болка. Јас ја тепам мојата сопруга, а тоа е исто како да ѝ нанесувам болка на црквата, т.е. на Божјиот храм. Сфатил дека е погрешно тоа што ја тепа својата сопруга.

**Нов живот, ново име**

По неколку месеци откако прв пат влегол во црквата, бил крстен и го променил своето име во Самуел. Самуел ѝ рекол на својата сопруга што дознал и ја повикал да му се придружи во проучувањето на Библијата со пасторот. Во почетокот таа одбивала, но ги видела промените во животот на својот сопруг, кој некогаш бесно викал на неа и ја тепал кога таа одела на спиритистичките сеанси, а сега станал кроток и нежен кон неа, и престанал да ја тепа. Видела колку бил смирен додека ја читал Библијата и забележала дека му се моли на новиот Бог секој ден. Нејзиното срце почнало да омекнува и почнала и таа да оди на проучување на Библијата со него во црквата.

Проучувајќи ја Библијата, неговата сопруга постепено станувала сè поубедена дека било погрешно тоа што дозволувала да биде опседната со духовите. Го запознавала Бога сè повеќе и повеќе, и одлучила да престане да оди во домовите на луѓето и да учествува во спиритистички сеанси. Меѓутоа, луѓето продолжувале да ја викаат. Кога и да одбиела да дојде на сеанса, тие ја пцуеле и ја проколнувале. Меѓутоа, таа стоела цврсто верна на Бога.

**Обединето семејство**

Две години по крштавањето на Самуел, неговата сопруга исто така била крстена. Го променила своето име во Рута.

Еден ден Самуел ги слушнал повиците на пасторот за потребните библиски работници. Неговото срце било трогнато. Пасторот го запишал на четirimесечна програма за подготовка, како и подготовка за нова работа. Потоа, Самуел се приклучил на програмата за обука „Восхитувачки факти за Индија", а потоа се запишал на обука за пастор.

Денес Самуел има 42 години и служи како пастор во селото близу до неговиот роден град. Тој и неговата сопруга, која претходно доживеала две пометнувања, додека служела како медиум на духовите, денес имаат два сина на возраст од 8 и 10 години.

Самуел редовно дели примероци од тримесечните саботношколски поуки на луѓето во својот град. Тој се надева дека и некој друг ќе го прифати Исуса, како што самиот го сторил тоа.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на обласен центар за обука, кој ќе се наоѓа на

30 км од родниот крај на Самуел и Рута во централна Индија. Овој центар за обука ќе ѝ послужи на целата Јужноазиска дивизија. Ќе го употребуваат и локалните верници, како што се Самуел и Рута, но и други луѓе од целата дивизија.

Ве молиме да го имате овој проект и адвентистичкото дело во централна Индија во своите молитви и саботношколски мисионски дарувања.



# Благослов од кралот

**Западна Индија / 22 јули 2017**

**Манохар Карнад**

Адвентистичката школа во западна Индија била основана со визијата на еден мисионер и добрината на кралот.

Адвентистичкото училиште Алате сега се моли за добрата волја на верниците насекаде во светот. Училиштето се надева дека даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе можат да обезбедат финансии за изградба на дополнителен блок со училници за своите млади ученици.

Директорот на училиштето, Манохар Карнад, вели дека училиштето денес се соочува со истиот проблем со кој се соочувал во 1960 година, кога била затворена две децении. Нејзината инфраструктура е стара. Господинот Карнад вели „Без инфраструктура нема ученици. Без ученици нема училиште. Тој затворен круг мора да се прекине“.

Училиштето се наоѓа на имот од 7 хектари покрај патот, во близина на едно луксузно приватно училиште кое се протега на 60 хектари ридови и зелени ливади.

Господин Карнад вели дека луксузното училиште и другите нови училишта во областа отежнуваат адвентистичкото училиште да дојде до израз.

Меѓутоа, нагласил: „Нашето училиште има нешто што другите го немаат – единствен висок стандард на образование.“

Тој вели: „Нашето училиште ги подготвува децата за живот посветен на служба, а не само за работа како професионалци". Училиштето има 260 ученици и е познато по тоа што им помага на децата чии семејства не можат да ги платат училишните трошоци.

**Благословено пријателство**

Адвентистичката црква го добила земјиштето на кое е изградено училиштето во 1920 година, кога кралот Шах, владетелот на локалната област, воспоставил пријателство со мисионерот С.О. Мартин.

Еден ден кралот го прашал мисионерот што сака, а мисионерот му одговорил дека би сакал парче земја. Кралот ја испружил раката и рекол, „Земи го она што ти е потребно".

Кралот имал само едно барање, а тоа било мисионерот да изгради клиника и училиште на земјиштето што им го подарил.

Клиниката била изградена и функционирала до 1981 година. Училиштето било отворено во 1943 година, но во 1960 било затворено. Затворањето на ова училиште го зело својот данок на адвентистичката работа во оваа област.

„Меѓутоа", вели управникот, „Бог ни помогна повторно да го отвориме училиштето во 1981 година, и оттогаш тоа функционира. Денес во училишниот кампус има пет згради. Господин Карнак и неговата сопруга живеат во старата мисионска куќа.

Делот од куќата е преграден со цел да се направи простор за женските спални. Момчињата живеат во спалните кои се наоѓаат во вториот дел од кампусот.

Сите ученици секојдневно работат уште два часа по настава-

## Брзи факти

**Адвентистичкото училиште Алате се наоѓа во државата Махарахтрана во западна Индија.**

**Од учениците се очекува да работат по два часа дневно на чистење на училниците, да ја обработуваат бавчата или да помагаат во трпезаријата. Таквата програма на активности им помага да стекнат одговорности и да развиваат меѓусебно заедништво.**

**Новите училници, кои ќе бидат изградени со средства од даровите на 13-тата сабота, ќе ги заменат старите училници кои се премногу мали за да ги примат учениците. Новата структура е првиот чекор во адаптацијата на објектите на кампусот, за да може ова училиште во западна Индија да прими поголем број на ученици.**

та; некои работат во бавчата, а некои готват и перат во трпезаријата.

Овие работи им помагаат на учениците да научат одредени практични вештини и да ја научат вредноста на физичката работа, подеднакво, како и учењето.

„Ние не се плашиме од напорната работа", вели господин Карнад. „Она што навистина му е потребно на училиштето, тоа се 14 нови спални.

30% од учениците потекнуваат од адвентистички домови, уште некои 30% се од христијанско потекло, а останатите потекнуваат од други религиозни традиции.

Директорот ги повел претставниците на списанието „Адвентистичка Мисија" да го разгледаат кампусот.

Стоејќи надвор од својата канцеларија, рекол „Ние очекуваме добрите луѓе да се запознаат со Божјото дело во оваа област".

Ве молиме да го имате училиштето Алате и неговите ученици во своите молитви и да ја имате на ум можноста за приложување на своите мисионски дарови.



# 4 пастори, 4 ученици

Западна Индија / 29 јули 2017

Сијон, Шехал, Давид, Абхишек

*Дали адвентистичките пастори имаат значајна улога во адвентистичките училишта?* Ако нема адвентистички пастори, илјадници деца не би посетувале некое адвентистичко училиште во Индија. Да ги запознаеме Сијон, Шехал, Давид, Абхишек.

**Сијон**

Сијон прв пат запознал адвентистички пастор кога имал десет години. Пасторот доаѓал во нивниот дом еднаш седмично и ги проучувал библиските теми со неговите родители. По проучувањето, пасторот ќе се помолел со родителите и си заминувал. Извесно време подоцна, и некој пастор од друга црква почнал да доаѓа во неговиот

дом. И тој ја читал Библијата и се молел со нив. Тоа траело некое време сè додека родителите на Сијон не донеле одлука да го празнуваат седмиот ден, саботата, меѓутоа, се соочиле со дилемата – „Не можеме да одлучиме кој да ја изнесе нашата одлука пред пасторите", рекол Сијон.

Родителите имале многу нешта на кои требало да поработат, меѓутоа, воопшто не се колебале кога одлучувале во кое училиште да го запишат Сијон. Кога пасторот им кажал за адвентистичкото интернатско училиште кое се наоѓало на 40 минути од нивниот дом, родителите само му рекле да си ги спакува своите работи и да појде таму.

Кога Сијон стигнал во училиштето, бил тажен бидејќи не познавал никого во ова ново училиште и се чувствувал многу осамено. Меѓутоа, учел напорно за да го научи англискиот јазик и стекнал нови пријатели. Сега тој добро зборува англиски и го сака своето училиште. Учи да биде водач и ужива кога ја води службата за пеење и помага за време на молитвените состаноци во саботната школа.

Неговите роднини и пријатели ја забележале разликата во неговото однесување. Кога ќе си дојде дома за време на распустот, тие се собираат во неговиот дом и бараат од него да ги води молитвените состаноци. И роднините имаат желба да ги испратат своите деца во неговото училиште, а некои меѓу нив тоа веќе го сториле. Пет деца сега го стекнуваат образованието во тоа училиште поради промените кои неговите роднини и пријатели ги виделе во животот на Сијон.

Сијон е еден од 260-те ученици во училиштето Алате во западна Индија. Дел од даровите на 13-тата сабота ќе биде употребен за да се изгради нов блок училници, кои ќе ги заменат старите. Тоа ќе му овозможи на училиштето да прими уште повеќе ученици. Некои од нив потекнуваат од адвентистички домови, додека повеќето многу малку знаат за Христа или никогаш не слушнале за Него и за Неговиот дар на вечна љубов и живот.

**Шехал и Давид**

Шехал е петнаесетгодишно девојче и веќе пет години е ученичка во адвентистичкото училиште Алате. Таа е активен водач во саботната школа и другите богослужбени програми. „Кога дојдов во ова училиште Почнав да ја читам Библијата и да се интересирам за црквата. Навистина сум среќна што сум овде.

Единаесетгодишниот Давид исто така се запишал во ова училиште под влијание на пасторот.

„Мојот татко е ѕидар, меѓутоа, неколку недели немаше работа, и ние немавме што да јадеме", се потсетува Давид. „Потоа еден странец дојде во нашиот дом и на мојот татко му даде некој христијански флаер. Татко ми почна да го чита од љубопитност".

„По кратко време, татко ми видел неколку убаво облечено луѓе на градилиштето. Тргнал кон оваа група луѓе, надевајќи се дека ќе добие работа. Се изненадил кога препознал еден човек од групата. Тоа бил истиот човек што му го дал фалерот. Собирајќи храброст, му се обратил на човекот кажувајќи му дека го прочитал флаерот, а потоа го прашал за некои дополнителни информации. Човекот се претставил како адвентистички пастор и го повикал татко ми да ја проучува Библијата со него".

„Татко ми ја проучуваше Библијата со пасторот и набргу побара да биде крстен. По извесно време му се придружи и целото семејство. Јас сега одам во петто одделение во училиштето Алате. Среќен сум што можам да бидам таму каде што можам да го запознавам Исуса додека се подготвувам за подобра иднина".

**Абхишек**

Мајката на Абхишек смета дека е вистинско чудо тоа што нејзиниот син оди во адвентистичко училиште. Сушата ги уништила семејните насади. Нејзиното семејство, заедно со неа седеле во својот дом гладувајќи и прашувајќи се што да прават. А потоа, некој адвентистички пастор дошол на нивната врата и се понудил да се помоли за семејството.

Семејството не било христијанско и така мајката на Абхишек го избркала пасторот. Меѓутоа, пасторот продолжил секој ден да доаѓа и на крајот таа му дозволила да влезе и да се моли за нејзиното семејство.

Денес мајката на Абхишек смета дека Светиот Дух дејствувал на тие посети. Пасторот помогнал семејството да добие храна. Подоцна, ја проучувал Библијата со мајката, и за кратко време таа се крстила во адвентистичката црква Абхишек пред две години добил училишна стипендија и се запишал во адвентистичкото училиште. „Тој врши добро влијание во нашето соседство. Неговата искреност и добрина направија некои соседи да се распрашуваат за адвентистичката црква и за саботата".

Адвентистичките училишта се полни со слични приказни за учениците кои можеле да растат во адвентистичко опкружување. Ве молиме да го имате на ум училиштето Алате во своите молитви и кога ќе ги принесувате вашите саботношколски мисион-

ски дарови. Да не заборавиме да се помолиме и за адвентистичките пастори кои имаат важна улога во адвентистичкото образование.

## Мисионски информации

**Адвентистичкото училиште Алате е основано во западна Индија 1943 година. Било затворено некое време, но повторно започнало со своето дејствување во 1981 година.**

**Денес ова училиште го посетуваат 260 ученици, од кои 35 живеат во училишните интернатски спални соби. Кога ќе биде обновено, училиштето ќе може да запишува многу повеќе ученици.**



# Молитвата направила да бликне вода од бунарот

Западна Индија / 5 август 2017

Сунита Хедге

Сунита, сопруга на земјоделец, сака почесто да доаѓа на богослуженијата во црква, но не сака да ја предизвикува лутината на својот сопруг, кој не е христијанин. Затоа саботите обично ги минува тивко прославувајќи го Бога во својот дом.

Кога и да оди во својата црква, таа секогаш има посебна желба да се помоли. Минатата година Сунита отишла во црква да се моли за бунар.

Инаку, Сунита растела во христијански дом кој ја празнувал неделата, но, откако се омажила, престанала да оди во црква. Сепак, продолжила да ја чита Библијата. И додека ја проучувала потемелно, таа почувствувала дека адвентистичката црква ја привлекува.

**Молитва да се случи чудо**

Времињата на семејната фарма биле тешки. Имало малку

дожд, а двата бунара на фармата речиси пресушиле. На фармата имало очајна потреба за вода. Меѓутоа, Сунита и нејзиниот сопруг немале многу пари.

Сопругот на Сунита сакал да изведе хиндуистички ритуал на полето за да пронајде вода. Тој сметал дека ова е единствениот начин водата да се лоцира.

Меѓутоа, Сунита се спротивставила на тој ритуал, велејќи му на својот сопруг дека единствен начин да добијат вода е да се молат на Бога.

Така, Сунита отишла во црква за да побара Бог да направи чудо. Побарала бурнарџијата да пронајде вода брзо откако ќе почне да ја копа дупката. Брачната двојка немала пари да го плати бунарџијата да ископа повеќе дупки, туку само една.

Пасторот и останатите верници на црквата се придружиле на Сунита во молитвите за нејзината семејна фарма. Му се заблагодариле на Бога за Неговатата верност и љубов, и барале Бог да помогне да пронајдат вода на имотот на Сунита. Наредниот ден бунарџијата дошол на фармата. Дошле и пасторот и верниците на црквата. Сакале повторно да се помолат.

Никој не знаел каде треба да се копа бунар. Сунита имала пари само за 45 метри копање. Верниците избрале некое место, кое им се чинело погодно, и пасторот се помолил: „Господе, благослови ја оваа земја, и направи од неа да потече доволно вода за потребите на твоите деца“.

А потоа, копачот на бунари се впрегнал на работа.

Ископал 15 метри и немало ништо. По 30 метри, исто така немало ништо. Кога дошол на 45 метри, престанал да копа и отишол кај Сунита.

„Дојдов до 45 метри, плати ми дополнително ако сакаш да продолжам да копам“. Верниците на црквата повторно се помолиле, а потоа му рекле на копачот да копа уште десетина сантиметри подлабоко. Нерадо се согласил, но продолжил да копа. Само неколку моменти подоцна, бликнала вода и почнала да извира од земјата.

Сунита со насмевка кажува: „Бев толку среќна! Со вера се молевме и Бог одговори на нашите молитви. Тој ни го даде својот благослов“.

До денешен ден овој бунар обезбедува неограничен извор на свежа вода. Соседите и понатаму се восхитуваат на чудо и ѝ велат на Сунита „Ти си сиромашна, како тоа да си толку благословена?“

Сунита едноставно им одговора: „Бог ги благословува оние кои го почитуваат“.

Бог ја благословил Сунита поради нејзината верност; бунарот продолжува да обезбедува неограничено количество на вода. Кога му оддаваме чест на Бога, Тој исто така сака да ни ја подари водата на живот во неограничено количество.

Во близина на домот на Сунита се наоѓа адвентистичкото основно училиште Алате. Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на новиот блок од 14 нови училници, и со тоа уште повеќе деца ќе можат да го посетуваат училиштето и да го запознаат Бога кој одговара на молитвите.

Ве молиме во своите молитви да се сетите на Сунита и на училиштето Алате додека ги приложувате саботношколските мисионски дарувања.

## Мисионски информации

**Од почетокот на мисионерското присуство во Индија, училиштата одиграле значајна улога во растот на црквата. Покрај децата, кои потекнуваат од адвентистички домови, во училиштата се запишани и многу деца од нехристијански семејства, кои сакаат да стекнат квалитетно образование на англиски јазик.**

**Многу деца секоја година се крштаваат како резултат на тоа што ги посетуваат адвентистичките училишта во Индија. Дури и оние кои не се крштаваат за време на своето школување, стекнуваат значајни лекции за верата која ја носат со себе.**

**Дел од даровите за 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на нови спални во две адвентистички училишта, а тоа ќе овозможи во тие училишта уште повеќе ученици да го стекнат своето знаење и да ја запознаат Божјата голема љубов.**



# Сакам да бидам евангелист

Гукато Јепто, 16

Шеснаесетгодишниот Гукато е ученик во североисточна Индија и негова желба е еден ден да стане евангелист. Меѓутоа, не чека да го заврши своето школување, па дури тогаш да ја шири Исусовата љубов на своите ближни. Гукато уште сега ја користи секоја прилика за да им сведочи на своите школски другари, кои не се адвентисти, за надежта во Христовото второ доаѓање. Тој се нуди да ја проучува Библијата заедно со нив, ако се заинтересирани. Гукато вели дека не можел да престане за зборува за Христа од моментот кога се крстил, кога имал тринаесет години.

„Јас сакам да станам евангелист“, вели тој со нетрпелива насмевка на лицето.

**Младиот светилник**

Родителите на Гукато дошле во адвентистичката црква по серија евангелски состаноци, кога Гукато имал девет години. Тој и неговиот две години помал брат се ученици во адвентистичкото училиште Нагалад во најоддалечениот дел на североисточна Индија.

Ова училиште го посетуваат 204 ученици, од кои многумина потекнуваат од христијански семејства кои не се адвентистички.

Гукато ги сака духовните активности на кампусот. Тој посебно го сака првиот час секое утро кога учениците пеат, се молат и заедно ја читаат Библијата.

Учителите на Гукато се импресионирани кога гледаат како ова момче им помага на другите ученици да ги решаат домашните задачи и кога ја шири својата вера секогаш кога за тоа ќе му се укаже можност.

Еден учител рекол, „Тој не само што редовно ги посетува црковните активности, туку ги повикува и своите неадвентистички прија-

тели да му се придружат на црковните служби. И многумина тоа и го прават“.

Гукато знае дека не е секогаш едноставно да ја шири својата вера. Родителите на некои негови другари не сакаат нивните деца да одат во црква на кампусот во саботите. Меѓутоа, Гукато, без оглед на сѐ, продолжува да ги вика.

И покрај одбивањето кое понекогаш го доживува, тој поканата ја држи отворена велејќи, „Во ред. Меѓутоа, ако некогаш си во можност да дојдеш, те молам дојди“.

Овој отворен повик довел неколку пријатели во црквата, вклучувајќи и еден кој сака да се крсти.

Гукато изјавува, „Ги проучував библиските лекции со него, но неговите родители не му дозволија да се крсти“.

Еден друг пријател западнал во неволја со своите родители поради доаѓањето во црква. Кога

## Мисионски информации

**Адвентистичкото образование претставува значаен дел на евангелизмот во јужноазиската дивизија. Од основањето на црквата, училиштата биле установи кои ги придобивале душите. Со високиот стандард на образование на англиски јазик, наместо на локалните јазици и истакнатото верско определување, стотини ученици од адвентистичките училишта му го предаваат својот живот на Христа и се крштаваат секоја година.**

**Нагласувањето на религијата во училиштата влијае и на семејствата на учениците. Голем процент на ученици во адвентистичките училишта не потекнуваат од адвентистичките домови. Децата во своите домови го носат она што го научиле во училиштето и целокупни семејства со текот на времето одлучуваат да станат Христови следбеници.**

**Адвентистичкото училиште Нагаланд во североисточна Индија е училиште кое го посетуваат 204 ученици. Училиштето сака да ги прошири своите капацитети и да стане училиште од интернатски тип, но потребни се спални соби. Даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на блок со женски спални, додека училиштето собира средства за изградба и на блок со машки спални, така што учениците од пошироката околина можат да стекнат предност во адвентистичкото образование.**

неговите родители дознале дека бил во црква, му забраниле повторно да оди.

**Помагање на другите**

Одбивањето не го обесхрабрува Гукато. Тој едноставно пронаоѓа други лица со кои може да се спријатели, понекогаш и надвор од училишниот кампус.

Во локалниот супермаркет запознал момче по име Алберт. Тој и Алберт во повеќе наврати разговарале за адвентистите и за саботата. Алберт вели дека е премногу зафатен за да оди во црква, но со драга волја го прифаќа списанието Adventist World и другата религиозна литература што Гукато му ја нуди.

Љубовта на Гукато кон Бога потекнува од неговиот дом, и тој продолжува својот дом да го поставува како приоритет.

Кога неговата мајка се разболела и не можела да ја чисти црквата во училишниот кампус, тој ѝ рекол да остане в кревет сè додека не оздрави.

Кога и покрај сè се обидела да стане и да оди да ја исчисти црквата, Гукато ѝ го скрил клучот и заминал да го стори тоа наместо неа. И така, ја чистел црквата се додека таа не оздравела и не се вратила на своето работно место.

**Помага училиштето да расте**

Кога некој ќе го запраша што му е најпотребно на училиштето, Гукато веднаш изјавува дека на учениците им се потребни спални соби.

Во моментот ова е училиште од дневен тип, но кога би имало свои спални, многу нови ученици овде би можеле да го стекнуваат своето образование. Даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени да се изгради блок со спални за девојчињата. Но, училиштето планира да собере доволно пари за да можат да се изградат и машки спални соби.

Гукато вели дека и двете спални соби се значајни, бидејќи многу деца би дошле, но не можат бидејќи секојдневно мора да доаѓаат и да си одат од училиштето.

Гукато изјавува дека не сака ништо друго, туку само да биде подготвен кога Исус ќе дојде. Неговиот омилен библиски стих е запишан во евангелието според Матеј „Затоа, бдејте, зашто не знаете кога ќе дојде вашиот Господ!“ (Матеј 24,42).

Ве молиме да се потсетите на адвентистичкото училиште Нагаланд во своите молитви и великодушно да ги приложите своите дарови на 13-тата сабота.




# Избегнувани поради саботата

Североисточна Индија / 19 август 2017

Панмајчунг Панмеи (75)
и сопругата Макукона (75)

Адвентистичките семејства во североисточна Индија му останале верни на Бога и покрај смртните закани, апсења и други видови вознемирувања

Како резултат на тоа, 30% од мештаните на нивната мала населба сега се верници на адвентистичката црква. Приказната почнува кога шест семејства, кои ја празнувале саботата, се доселиле во ова мало село за да ги избегнат вооружените судири во својата матична област во 1966 г.

Во текот на првите четири години, животот во новото село бил нормален. Потоа постарите членови на семејствата одлучиле и официјално да се придружат на христијанската адвентистичка црква со крштевање. Речиси истиот момент, останатите мештани почнале да прават проблеми. На новите адвентисти им рекле да се откажат од новата вера или да го напуштат селото.

Повеќето мештани припаѓале на друга христијанска деноминација, и не сакале да имаат ништо со адвентистите. Им се заканувале на верниците, им влегле во малата куќна црква и изградиле традиционално огниште со три камења со образложение дека тоа би требало да биде куќа за живеење, а не црква.

Неколку мештани им се заканувале со смрт на адвентистите, но малата група останала верна на своите начела. Кога сето тоа било безуспешно, мештаните ги известиле локалните власти дека треба да ги натераат адвентистите да потпишат проглас оти мораат да се откажат од својата вера или да го напуштат селото.

### Уапсени

Наредната сабота, по богослужбата во црква, неколку полицајци ги чекале адвентистите пред нивните домови. Жените биле исплашени, а децата почнале да плачат. Еден човек по име Пан ѝ рекол на полицијата: „Не направивме никакво кривично дело за да бидеме уапсени. Ако сакате да нè убиете поради наши-

те религиозни ставови, подготвени сме да ги дадеме нашите животи".

„Не сакаме да ве убиеме, но бидејќи останатите мештани не сакаат вие да бидете тука, ве водиме одовде", рекол еден од полицајците.

Полицаецот ги ставил лисиците на рацете на Пан, врзувајќи ги за Амунанга и за третата личност и им наредил да влезат во полицискиот камион.

Сопругата на Пан почувствувала болка во стомакот гледајќи како полицијата го одведува нејзиниот сопруг. Меѓутоа, се сетила на стихот од Библијата „Затоа, бдејте, зашто не знаете кога ќе дојде вашиот Господ!" (Матеј 24,42).

Полициският камион ги одвел луѓето до главната обласна полициска станица во градот Димапур, околу два часа возење од нивното село.

На патот до полициската станица, Панмајчунг бил изненаден кога лисиците едноставно се отвориле и паднале и се одврзале од неговиот пријател. Му ја покажал својата слободна рака на полицаецот, кој го прашал како ги отклучил лисиците.

„Ништо не направив", одговорил. Полицаецот повторно ги ставил лисиците на рацете и продолжиле да се движат кон полициската станица.

Овие тројца адвентисти биле одведени во затворската ќелија во која ги поминале наредните два дена. Дошло понеделник и полицијата изјавила дека се слободни под услов да се согласат дека ќе одат во друго село. Адвентистите се побуниле и рекле, „Не ни дадовте ниту една причина зошто нè уапсивте, без никаква истрага и без обвинение".

Полицијата немала одговор на нивните прашања, туку само ги пуштила овие тројца да си одат.

**Траен дом**

Кога се вратиле во своите домови, потпишале молба која ја смислиле локалните власти. Барале од нив да живеат на мир во селото. Три месеци подоцна, локалните власти издале проглас според кој адвентистите можеле да останат во селото, а останатите мештани ги повикале да не прават проблеми и да ги оставан на мир.

Во селото се доселиле само шест адвентистички семејства. Денес 84 семејства припаѓаат на Христијанската адвентистичка црква. Тоа е речиси 1/3 од 1500 жители.

Панмајчунг никогаш не дознал како лисиците паднале од неговите раце, но вели дека овој настан го потсетил дека во неволја Бог е секогаш близу.

„Тоа беше чудо, знак со кој Бог ни покажа дека е со нас".

Дал од даровите на 13-тата сабота ќе биде употребен да се изгради блок од женски спални соби во адвентистичкото училиште во истиот оној град во кој овие тројца адвентисти поминале два дена во затвор. Адвентистичкото училиште Нагаланд има голема потреба таму да се изградат спални, за да можат, како што кажавме, во училиштето да се запишат уште повеќе ученици од оддалечените села, да стекнуваат квалитетно образование, притоа учејќи да бидат добри луѓе и Божји слуги. *(ќе продолжи наредната седмица)*

## Мисионски информации

**Нагаланд се наоѓа на далечниот североисток на Индија. Тој се граничи со Мјанмар (некогашна Бурма) на исток. Повеќето луѓе кои живеат во Нагаланд се сметаат за „племе“ – етничка група на луѓе која се разликува од останатиот дел на Индија.**

**Христијанството е доминантна религија во оваа област, а англискиот јазик е широко распространет, како резултат на работата на мисионерите во оваа област во 19. век. Иако христијаните имаат слобода да ги променат своите верски убедувања, тоа обично не се случува без противење на повеќето луѓе кои припаѓаат на другите христијански деноминации во оваа област.**

**Адвентистичкото училиште Нагаланд се наоѓа во Димапуру, најголемиот град во областа.**



# Како селото ги прифатило адвентистите?

Североисточна Индија / 26 август 2017

Амунанг Гонмеи, 77

*(продолжение од претходната седмица)*

Претходната седмица запознавме едно мало село во североисточниот дел на Индија, кое се обидело да присили шест адвентистички семејства да си одат. Мештаните им се заканувале со смрт и им ја демолирале малата селска црква. Ја натерале полицијата на

кратко да ги уапси тројцата адвентисти. Откако биле пуштени од затвор, локалните власти побарале од останатите мештани да не ги вознемируваат адвентистите. Меѓутоа, тоа не е крајот на приказната.

Тензиите меѓу луѓето во селото продолжиле со месеци по апсењето на тројцата верници. Својот врв го достигнале кога еден добростоечки мештанин се приклучил кон адвентистичката црква.

Останатите мештани биле загрижени бидејќи сметале оти одлуката на овој човек да се крсти ќе има големо влијание меѓу останатите во селото. Тие не сакале адвентистичката црква да расте, и затоа лажно го обвиниле новиот адвентист дека практикува црна магија.

Неколку млади луѓе се качиле на кровот на новата адвентистичка куќна црква и извикувале клетви кон адвентистите и нивната вера. Потоа ја урнале црквата и блиската штала. Отишле на имотот на овој човек, му ожнеале сѐ и му ја украле летнината.

**Смртта протрчала низ селото**

Но, потоа, нешто се случило. Неколку млади луѓе, кои учествувале во вознемирувањето и рушењето на куќната црква, одеднаш умреле, а некои тешко се разболеле. Еден човек доживеал мозочен удар додека патувал, и умрел при своето враќање дома. Амунанг, локалниот ѓакон во црквата, кој бил сведок на овие настани, кажува: „Оние кои ја уништија црквата и им се потсмеваа на нејзините верници, во краток временски период умреа без никакво објаснување“.

**Воена команда**

Еден друг, исто така неочекуван инцидент се случил истата година. Селото добило проглас дека на војската ѝ е потребна помош. Вообичаено е војската да бара од селаните префрлање на продукти и опрема.

Овој пат војската побарала помош во сабота. Адвентистите во истиот момент упатиле апел до локалните власти, објаснувајќи им дека саботата е библиски ден за одмор и дека тие нема да работат.

Меѓутоа, властите не покажале ниту малку разбирање. А, потоа, воениот врв, без никакво објаснување донел одлука работите да се одвиваат во недела. Ова повторно закажување сосема ги изненадило мештаните.

Многумина почнале да зборуваат, „Можеби Бог одговорил на молитвите на адвентистите“. Една трагедија се случила за време на работата во недела. Додека мештаните ги носеле продуктите преку мостот, тој се урнал под нивните нозе. Неколку луѓе биле повредени, но адвентистите биле поштедени.

Мештаните тогаш навистина се замислиле. Признале дека се обидувале да ги одвратат адвентистите од тоа да ја празнуваат саботата, но на крај сè излегло онака како што тие сакале. Почнале да размислуваат за тоа дека можеби Бог ги фаворизира адвентистите.

Овие вести бргу се рашириле по околината, и вознемирувањето на адвентистичките верници престанало. Локалните црковни водачи се подготвени брзо да кажат дека Бог не ја предизвикал смртта и страдањето, но нагласуваат дека Бог ги штити и ги наградува оние кои Му се верни.

**Растечка црква**

Денеска 30% од мештаните се верници на адвентистичката црква. Локалните црковни старешини изјавуваат дека Бог ги благословува луѓето кои Му се верни.

Црквата сега носи добро име и мештаните ја почитуваат. Се надевам дека радоста во Господа ќе продолжи да се шири и да ја благословува нашата заедница".

Ова село се наоѓа на нешто помалку од два часа возање од градот во кој се наоѓа адвентистичкото училиште Нагаланд. Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на блок од женски спални во адвентистичкото училиште, така што децата кои живеат во околните села ќе можат да го посетуваат адвентистичкото училиште и да ги жнеат благословите кои Бог им ги дава во изобилство на оние кои Го сакаат и ги почитуваат Неговите заповеди.

## Мисионски информации

**Единствено адвентистичко училиште во близина на селото е адвентистичкото училиште Нагаланд во Димапуру, најголемиот град во обласга.**

**Адвентистичкото училиште Нагаланд е од 1-12 одделение и има и забавиште. Основано е во 2007 година и има 205 ученици.**

**Многу ученици од локалните области барале да го посетуваат ова училиште. Во моментот учениците се сместени кај студентите на факултетот. Меѓутоа, не можат да ги примат оние кои сакаат да ги стекнуваат своите знаење како интернатски ученици. Блокот од спални во училиштето ќе им овозможи на учениците од околните места да имаат пристап до квалитетно христијанско образование.**

# Сладок, среќен дом

Ранџит Кумар, 17



Неговата мајка извршила самоубиство и неговото семејство се откажало од него. Меѓутоа, Ранџит и понатаму живее со надежта родена од советите кои ги добил кога бил мало дете.

Ранџит пораснал во сиромашно семејство и често бил гладен. Тој вели дека советот, кој му го спасил животот, го добил од некој адвентист, сопственикот на куќата од кого неговите родители ја изнајмувале куќата.

Човекот му рекол, „Моли се секој ден, читај ја Библијата и Исус ќе те води".

Овој човек се грижел за Ранџит, па дури и го запишал во адвентистичкото училиште и ги платил трошоците за неговото образование. Но, кога Ранџит бил во петто одделение, сопственикот се преселил во некоја друга држава, и Ранџит морал да се запише во државното училиште.

**Уште еден неочекуван благослов**

А, потоа Ранџит дознал дека може да се врати во адвентистичкото училиште, бидејќи добил стипендија од непрофитната организација „Адвентистичките деца на Индија", која е основана за да ги покрива трошоците на школувањето на заслужните ученици во Индија.

Ранџит смета дека својот живот им го должи на луѓето кои го спонзорирале неговото адвентистичко образование. Кога бил седмо одделение, Ранџит се преселил во блокот машки спални во меморијалното средно училиште Џејмс во јужна Индија.

Тогаш почнал да ги следи советите - да се моли и да ја проучува Библијата. Исто така станал редовен и на црковните богослужби. Тој вели дека неговото училиште станало рај, одвоен од домот во кој неговите родители често се карале.

„Чувствував дека мојот живот е безбеден на ова место".

**Удар на трагедија**

Трагедијата се случила кога Ранџит бил во 8 одделение.

Неговите родители се карале, и неговата мајка се самозапалила. Умрела од изгорениците. „Тоа беше најлошиот период во мојот

живот", вели Ранџит со насолзени очи. „Меѓутоа, благодарение на луѓето кои се грижат за сиромашните ученици, и понатаму имав свој дом во училиштето".

По некое време откако жалел за смртта на својата мајка, одлучил верно да му служи на Исуса. Волонтирал за различни должности во училишната црква, а тука ја вклучувало и одговорноста да ја отклучува и заклучува зградата. Но, како што Ранџит се посесрдно ја прифаќал својата нова вера, толку повеќе семејството се откажувало од него.

„Ја изгубив татковата љубов и наклонетоста од роднините. Се обидов да разговарам со семејството за Бога, но не можев дури ни да им пријдам; ме избегнуваа.

Потешкотиите се интензивирале кога неговиот татко повторно се оженил, а неговата нова жена одбила да го прифати Ранџит.

Во текот на тој период, Ранџит се обидувал да се фокусира на учењето, но неговите оценки станувале сѐ послаби. Стекнал нови пријатели кои имале негативно влијание на него. Размислувал дури и да го отфрли Исуса.

А потоа, отишол додека се одржувала молитвената седмица во училиштето и на водачот на молитвената седмица, на адвентистичкиот пастор, му ја раскажал својата приказна. „Се молеше за мене, и јас се молев за сите мои потреби и страдања."

**Нова и силна вера**

Верата на Ранџит постепено се вратила. Денес Ранџит е седумнаесетгодишен ученик во 11 одделение (трета година средно). Секојдневно се моли, ја чита Библијата и ја бара Исусовата волја додека се подготвува да стори завет со Господа со крштевање.

„За мене, мојата соба е мојот мал сладок среќен дом. Црквата е единственото место во кое може да се биде безбеден".

Меморијалното средно училиште Џејмс е дом, рај и образовна установа за стотици ученици. Со текот на годините, илјадници млади луѓе овде стекнувале знаење за Исуса и за Неговата љубов. Благодарение на дејствувањето на ова училиште, нивниот живот е променент, а и на стотици други во цела Индија.

Дел од даровите за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на нов блок женски спални во меморијалното средно училиште Џејмс. Моменталниот блок со спални е објект стар 65 години, во кој има само 5 тоалети и 5 туш кабини на 100 девојки.

Новиот блок со спални ќе може да прими нови ученици и да придонесе за поздрави услови во кои живеат и учат.

Ве молиме да се сетите на ова училиште во своите молитви кога ќе ги приложувате своите саботношколски мисионски дарови.

## Брзи факти

**Меморијалното средно училиште Џејмс е интернатска академија која се наоѓа во Тамил Нада на југот на Индија. Основана е во 1941 година. Во училиштето се наоѓаат училници за предучилишни деца, како и училници од 1 – 12 одделение. Во училиштето се запишани 936 ученици, од кои 243 живеат во училишните спални.**

**Иако повеќето ученици (околу 80%) потекнуваат од адвентистичко семејно опкружување, секоја сабота се организира одделение за учениците од сите вери кои се подготвуваат за крштавање. Меѓу 50 и 60 ученици се крштаваат секоја година.**

**Многу ученици сакаат да учат во меморијалното средно училиште Џејмс, но спалните соби не можат да примат повеќе ученици. Новиот блок женски спални ќе биде изграден со помош на даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје.**

Јужна Индија / 9 септември 2017

# Изгубена и најдена

Снеха, 14



Снеха е четиринаесетгодишно девојче во интернатското училиште во јужна Индија. (*Замолете некоја тинејџерка да ви ја претстави оваа приказна*).

Татко ми беше рибар, а мајка ми медицинска сестра. И двајцата беа среќни кога се родив. Но, кога се роди мојата помала сестра, татко ми почна да пие алкохол. Тогаш, како да стана друга личност. Никој не можеше да го прекине во пијанчењето. Татко ми доаѓаше доцна во ноќта и викаше по нас без никаква причина. Мајка ми само плачеше и плачеше, но немаше кој да ѝ помогне.

### Оставена

Еден ден, кога имав десет години, мајка ми нè одведе мене и сестра ми на училиште и се врати дома. Таму го затекнала мојот татко толку пијан што не можел ниту да разговара, мрморејќи нешто неразбирливо. Не му ка-

жала ни збор, но кога татко ми најпосле забележал дека таа е тука, барал од неа пари за да си купи алкохол.

Мајка ми му одговорила дека нема пари. Татко ми толку се разбеснил поради тоа, што започнал кавга. Дотолку повеќе, почнал варварски да ја тепа мајка ми. Таа, кутрата, била беспомошна. Никој не дошол да ѝ помогне.

А, потоа зел керозин, ја полеал мајка ми и ја запалил. Целото нејзино тело било со изгореници. Кога малку се отрезнил, ја одвел во болница.

Меѓутоа, изгорениците биле толку страшни, што докторите рекле дека нема да преживее. Татко ми тогаш побегнал. Од тој ден никој не знае што се случило со него.

Јас и сестра ми останавме заедно со нашата мајка во болницата. Умре петнаесет дена подоцна. Со месеци тагувавме по неа. Нашата баба нè зеде кај себе и се грижеше за нас најдобро што можеше.

**Пронајдена**

Еден ден, еден адвентистички пастор ја посети баба ми. Пасторот нè тешеше. Кога дозна дека сме сирачиња, ни раскажа за меморијалното средно училиште Џејмс. Ни понуди да најде начин за да нè запише таму. Ни помогна да добиеме стипендија од организацијата „Адвентистичките деца на Индија“ (*Забелешка на уредникот: „Адвентистичките Деца на Индија“ е непрофитна организација која обезбедува стипендии за школските деца во Индија*).

Кога првпат дојдов во училиштето, слушнав за Бога. Новите пријатели и учители почнаа да ми зборуваат за Бога, за живиот Спасител. Почнав да ја читам Библијата и да се молам. Денес имам 14 години и одам во десетто одделение. Сестра ми има 12 години и оди во 8 одделение. Благодарна сум му на Господа за благословите и за она што го прави за да бидам она што денес сум.

Иако ги изгубив и двајцата родители, знам дека имам небесен Татко кој добро се грижи за Своите деца. Тој никогаш нема да нè напушти, ако Му веруваме и Го прифатиме како Спасител. Јас го сакам моето училиште!

Среќна сум што дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе биде употребен за да се изгради нов блок со спални соби во меморијалното средно училиште Џејмс.

Новиот блок спални ќе им овозможи на новите ученици да го посетуваат ова училиште. Некои можеби ќе потекнуваат од семејства во кои владеат тешки околности, како моите, но ќе научат дека Бог ги сака и сака да биде нивен небесен Татко.

Ви благодариме што ја поддржувате мисијата на христијанската адвентистичка црква, особено во текот на 13-тата сабота, така што уште многу деца како мене ќе можат да имаат христијанско образование. Слава нека е на Бога!

**„Раката која дава станува побогата“**

(*Порака на Наѓешвар Раоа, директор за комуникација при Јужноазиската дивизија*)

Ви благодариме што ги поддржувате проектите на мисијата во Јужноазиската дивизија. Благодарение на вашата великодушност во минатото, беа изградени многу училишта и цркви. Тие проекти станаа извор на радост на оние кои немаа надеж дека ќе стекнат образование во добро училиште и да го прославуваат Бога во црковна зграда.

Со тоа што ова тримесечје несебично ќе ги приложувате своите дарови за 5-те проекти, ќе направите многу ученици и верници на црквата да дојдат во подножјето на крстот, како што Божјата реч вели, „Благотворната душа наоѓа поткрепа, а кој ги напојува другите, сам ќе се напои“ (Мудри изреки 11,25).

Ова е мое лично искуство. Јас сум обратеник од хиндуизмот, кој стекнувал образование во едно адвентистичко училиште, кое со години беше благословено од мисионските дарови што ги приложуваат нашите браќа и сестри во светот.

Денеска, јас сум Христов војник. Имате прилика да охрабрите многу луѓе, како мене, за Господовото царство. Нека ве благослови добриот Господ додека давате несебична поддршка на Неговата мисија приложувајќи ги вашите благословени дарови.

## Брзи факти

**Меморијалното средно училиште Џејмс се наоѓа во Тамил Нада на југоистокот на Индија. Оваа област е густо населена и добро развиена.**

**Областа е семиаридна и се потпира на монсунските дождови за наводнување на своите посеви. Отсуството на дожд може да предизвика суша.**

**Официјален јазик во областа Тамил Нада е тамилскиот, еден од најстарите живи класични јазици на светот.**



# Своеволниот татко го пронаоѓа Исус

Ваишали Папа, 15

*(Замолете некоја тинејџерка да ја презентира оваа приказна)*

*Ваишали е петнаесетгодишна ученичка во адвентистичкото интернатско училиште во Јужна Индија.*

Некои од моите најрани сеќавања од детството се врзани за сцени кога мајка ми плачеше додека татко ми брутално ја тепаше. За жал, тоа често се случуваше.

Татко ми беше продавач на зеленчук, но многу пиеше и живееше во пијана состојба поголем дел од моето детство.

Кога имав 8 години, некои од комшиите нè запознаа со адвентистичкиот пастор. Тој се молеше за моето семејство и ни раскажуваше приказни за Исус. Ни зборуваше дека Исус може да ни помогне, Тој може да ги отстрани сите товари и дека може да ги утеши оние со скршено срце.

Тоа прекрасно ми звучеше и мене и на мајка ми. Му го предадовме својот живот на Христа и го прифативме Неговото проштавање на нашите гревови. Се придруживме на адвентистичкото црковно семејство.

Татко ми одби да ни се придружи. Продолжи да се опива и да ја тепа мајка ми. Гледајќи ја мојата желба да му бидам послушна на Исуса, својата лутина ја насочи и кон мене.

**Бегство од опасност**

Гневот на татко ми влијаеше многу лошо на мене. Не можев да се фокусирам на моите училишни активности, така што престанав да одам на училиште три месеци, обидувајќи се да се оттргнам од татко ми.

Конечно, мајка ми ме однесе во некој далечен град, за да ме одвои од татко ми. Мајка ми сакаше нов почеток за двете. Се преселивме во домот на некои пријатели. Меѓутоа, татко ми нè пронајде и буквално се всели во куќата. Остана таму 3 дена, пред да се случи нешто лошо. Татко ми го поткраднувал сопственикот

на куќата. Сред ноќ ја напуштал куќата со челични канти и друга опрема, која најверојатно ја продал за да купи алкохол.

Мајка ми реши да ме однесе некаде далеку, каде што татко ми не би можел да ме пронајде. Ме испрати да живеам со баба ми и дедо ми некое време додека не дозна за средното училиште Џејмс Меморијал во јужна Индија.

Сметаше дека тоа училиште е најдоброто место за мене и одлучи да ме однесе таму за да стекнам образование, но и да живеам. Таа работеше како слугинка за да ги плати училишните долгови за мене.

Ова училиште навистина ми помогна да стекнам добро образование. Ми го зголеми знаењето за Бога и ми помогна да имам мир во срцето. Сега имам петнаесет години и среќна сум што живеам овде.

**Молитви за татко ми**

Меѓутоа, не го заборавив татко ми. Секојдневно се молев да го остави алкохолот и да му го предаде своето срце на Исуса. А, претходната година се случи нешто неверојатно! Татко ми ги призна своите гревови и побара проштавање за сите свои погрешни постапки. Престана да пие и да краде и наскоро беше крстен. Сега е адвентист.

Многу сум среќна! Јас и понатаму секојдневно се молам повеќе никогаш да не посака да пие. Бог одговори на моите молитви. Мојот татко сега е нов човек!

Не знам што ќе се случи во иднина, меѓутоа, сигурна сум во едно – животот без Христа е катастрофа. Животот со Него е мир и задоволство.

Го сакам ова училиште, каде што младите како мене можат да стекнат образование и да учат заедно. Некои се адвентисти, некои се христијани од други деноминации, а некои дури и не знаат кој е Исус. Меѓутоа, ние живееме и учиме заедно, и многу од моите нови пријатели тука го запознаа Христа. Тоа ме прави среќна!

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на новиот блок женски соби во училиштето. Сегашните женски соби се стари, а тоалетите недоволни за стоте девојки кои живеат тука. Новите соби ќе им овозможат на новите ученици да живеат и да учат во ова училиште. Ве молиме да се сетите на ова училиште во своите молитви и додека ги давате вашите мисионски дарови. Од срце ви благодариме.

**Пет специјални проекти**

(*Порака од Хидрајата Масиха, директор на саботната школа и лична служба при Јужноазиската дивизија*)

Во име на службениците на Јужноазиската дивизија, сите вработени, посветени верници лаици, би сакал да ви се заблагодарам на великодушната поддршка со која преку даровите на 13-тата сабота во минатото ни помогнавте да ги исполниме проектите.

Со помош на семоќниот Бог, напредува делото на адвентистичката црква во Индија. За делото и во иднина да напредува, избравме пет специјални проекти за даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје.

Сакаме да изградиме нов блок на училници во две училишта, така што ќе можеме да образуваме уште многу други деца. Би сакале исто така да изградиме блок со женски спални во две училишта. Девојките ќе живеат во тие спални, ќе се образуваат и ќе станат верни адвентистички работници во Господовото лозје. Исто така, потребен ни е и центар за обука, во кој нашите работници и волонтери ќе можат да стекнуваат знаења како да бидат поефикасни и попосветени.

Ве молиме ова тримесечје великодушно да ги приложите своите дарови за да можеме да ги спроведеме овие проекти. Тие ќе го променат животот на многу души во Јужноазиската дивизија. Бог нека ве благослови додека ги ширите Неговите благослови и Неговото славно дело.

## Мисионски информации

**243 ученици од меморијалното средно училиште Џејмс живеат во училишните спални од кои 100 живеат во дотраениот женски блок спални, кој е направен за далеку помалку корисници. Во овој блок се наоѓаат само 5 туш кабини и исто толку тоалети, што во голема мера го отежнува животот на оние што живеат таму.**

**Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на нов блок спални, така што уште многу девојки ќе можат да бидат сместени во далеку поздраво животно опкружување.**

Јужна Индија / 23 септември 2017

# Предизвикан и победник

Џаниш Кумар, 30



Кога на Џаниш му бил дијагностициран канцер и му било кажано дека ќе живее само уште шест месеци, неговите соседи зборувале дека знаат зошто му се случило тоа - бидејќи станал адвентист и затоа што се осмелил да се расправа со пасторот на друга христијанска деноминација.

Две години, Џаниш е жив и здрав и живее во Јужна Индија. Луѓето восхитено слушаат додека им зборува за Христа. „Кога им зборувам за вистината, онака како што е запишана во Библијата, тие внимателно ме слушаат бидејќи им зборувам од мое лично искуство", вели триесетгодишниот Џаниш.

Џаниш пораснал во христијански дом во едно село. Како момче, се образувал на еден семинар. Додека така го стекнувал образованието, некој негов пријател, кој бил адвентист, еден петок навечер го повикал да дојде на богослужение. Таа вечер пасторот зборувал за библиските пророштва и Џаниш внимателно ги запишувал информациите што ги слушал. Поставувал многубројни прашања, а им поставувал прашања и на своите професори на семинарот за дополнителни информации. Кога слушнал за седмиот ден, саботата, сакал да докаже дека тоа е погрешно. Отишол повторно кај професорите на семинарот и побарал библиски стихови кои ќе докажат дека неделата е вистинскиот ден за одмор. Професорите не можеле да му помогнат. Така, почнал да ја посетува адвентистичката црква во саботите, а својата матична црква во неделите. По некое време, одлучил да се крсти, го напуштил семинарот на кој студирал и се запишал на адвентистичкиот семинар.

### Ново мисионско поле

Една година подоцна, неговиот татко умрел и Џаниш се вратил во својот дом за да се грижи за мајка си. Ја ширел верата со соседите и пријателите. Тој и некол-

ку негови пријатели адвентисти заедно им поделиле по неколку трактати на сите во селото. Овие момчиња организирале тридневни евенгелизациски состаноци за да дискутираат за тројната ангелска порака. Мнозина од мештаните дошле на тие состаноци и поставувале прашања. Еден пастор од друга христијанска деноминација го повикал Џаниш и неговите пријатели за да дискутираат за седмиот ден, саботата, и за неговата црква. Пасторот, и црквата на која тој бил пастор, на крајот ја прифатиле саботата како Божји ден за одмор.

Меѓутоа, некои други христијани во тоа место се побуниле. Организирале свои тридневни состаноци. Довеле некој млад пастор да зборува против саботата.

Џаниш и неговите пријатели присуствувале на тие состаноци и ги бележеле неговите размислувања. Последниот ден, проповедникот прашал дали некој во салата има какво било сомневање околу светоста на неделата.

Џаниш и неговите пријатели станале и дошле до катедрата, а потоа читале многу текстови за саботата. Црквата била восхитена, а младиот пастор останал без текст. Ветил дека ќе го повика постариот колега кој сè ќе објасни.

По овие состаноци, повеќето од мештаните со восхит и почитување гледале на Џаниш. Некои од нив почнале да ги проучуваат библиските лекции.

**Нов предизвик**

Тогаш на Џаниш му бил дијагностициран рак. Некои протестантски пастори и верници зборувале дека Бог го казнува Џаниша бидејќи станал адвентист. Зборувале дека ќе биде казнет затоа што отворено му се спротивставил на пасторот. Зборувале дека Бог ќе го казни секој оној што проповеда против неделата.

Џаниш се борел со своето верување. Се обесхрабрил и во период од неколку седмици престанал да зборува за Исуса. Неговите пријатели го повикувале да не ја губи надежта. Примил 36 хемотерапии, а за тоа време верниците на црквата се молеле за него.

Додека примал хемотерапија, почнал да дава библиски часови. Протестантските пастори го советувале да престане да ги учи луѓето за саботата или неговата состојба ќе се влоши. Но, Џаниш не им обраќал внимание, и наместо тоа, одлучил со своите пријатели да ги води состаноците на кои ќе зборува за саботата. По тие состаноци

биле крстени осуммина млади. Така двојно се зголемил бројот на адвентисти во неговото село.

Цаниш изнајмил една мала просторија и почнал да дава библиски часови двапати неделно. Организирал и молитвени состаноци. Дваесеттемина се собирале во малата просторија за време на тие состаноци. Кога почнале да доаѓаат уште повеќе луѓе, тие морале да стојат надвор од просторијата и да слушаат оттаму.

**Жив сведок**

Докторите сè уште не изјавиле дека Цаниш потполно се излечил од ракот, но признаваат дека згрешиле кога рекле дека има само уште шест месеци живот. Денеска, тој изгледа здраво и се чувствува здраво. Цаниш и многу мештани велат дека тоа е вистинско чудо.

„Јас сум жив сведок дека Бог се грижи за мене. Како таков, едноставно, можам да им зборувам за вистината на другите“.

Иако само неколкумина адвентисти живеат во селото на Цаниш, бројот на верниците расте. Наскоро можеби ќе биде и активна црква во селото, црква со деца на кои им е потребно цврсто христијанско образование во училиште со високи стандарди, а во кое се предава на англиски јазик.

На околу 90 минути од селото на Цаниш, во градот, се наоѓа адвентистичко училиште кое ќе прими дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје. Тие средства ќе бидат употребени за изградба на блок од училници. Дополнителните училници ќе овозможат и на многу други деца да се запишат во тоа училиште. Таму тие нема да стекнуваат само високо образование, туку ќе го запознаваат Бога како нивни Татко и Спасител.

## Мисионски информации

**Велерада е адвентистичко средно училиште кое се наоѓа во Керали, на самиот југ на Индија. Училиштето функционира од предучилишна возраст до десетто одделение.**

**Училиштето е основано во 1982 година и во него учат 300 ученици од кои повеќето потекнуваат од христијански семејства.**

**Новиот блок училници ќе обезбеди доволен простор за новите ученици и ќе ги исполнува државните стандарди.**

## Порака од издавачот:

***Ако членовите на саботната школа некогаш ве прашаат каде одат нивните седмични мисионски дарувања, можеби оваа статија ќе им биде од полза.***

***Каде одат моите мисионски дарови?***

Дали некогаш сте почувствувале, кога ги давате своите мисионски дарови, како да ги ставате своите пари во „црна дупка“?

Вие знаете кои држави и проекти ќе добијат дел од даровите на тринаесеттата сабота. Меѓутоа, што се случува со редовните мисионски дарови што ги приложувате секоја седмица? За што ќе бидат употребени?

Можеби ќе бидете изненадени од фактот дека седмичните мисионски дарови им помагаат на повеќе од 1,000 мисионери насекаде во светот. Всушност, 70% од седмичните мисионски дарови им помагаат на мисионерите и на работата на нашата црква во светски рамки. Издвојувањата од Генераната конференција наменети за државите на Блискиот исток, Северната африканска унија и на Израелското мисионско поле, помагаат да се воспостават и да се одржуваат мисионските активности на овие териотрии.

Остатокот од парите помагат на различни институции и агенции кои служат на црквата во целиот свет. На пример, го помагаат мисионското медицинско дело на универзитетот во Лома Линда, даваат поддршка да се шири евангелието преку програмите на адвентистичкото светско радио и на хуманитарните активности на АДРА.

Во изминатите години милиони луѓе од областите на светот кои се соочуваат со предизвици, го запознале спасението во Исуса и дошле во Христијанската адвентистичка црква. Во овие области се основани илјадници нови цркви. Меѓутоа, откако биле крстени, дали овие верници биле и како биле негувани? Дали имаат пристап до материјалите и програмите кои можат да помогнат да ја зајакнат својата нова вера и да им помогнат да растат во своето ученииштво? Дали во тие нови цркви има доволно пастори?

Вашите мисионски дарувања го поддржуваат растот и напредокот на делото во целиот свет.

Ако сакате да добиете дополнителни информации за адвентистичката мисија во светот, одете на AdventistMission.org.

Ви благодарам уште еднаш за молитвите и за финансиската поддршка околу проектите на адвентистичката мисија. Вие сте тие кои придонесувате и правите разлика во животот на милиони души насекаде во светот.

**Гери Крауз**

## Идни проекти на 13-тата сабота

» Повеќенаменски дом за стари лица во Резина во Молдавија.
» Програма за менторство преку спорт за деца и тинејџери во Душенбеј во Таџикистан.
» Повеќенаменски спортски комплекс во христијанската школа Херитиџ во Токмок во Киргистан.
» Центар „Служи и отсјајувај“ во Ростов на Дон во Русија.
» Центар на влијание „Пристаниште на евангелието“ во Владивосток во Русија.
» Детски проект: центар за претшколски деца во Казахстан.



## ИЗВОРИ

**Бесплатни мисионски ДВД со приказни/искуства од адвентистичката мисија**

Мисионските стории од земјите кои се претставени во оваа дивизија на Генералната конференција, можете да ги „симнете од интернет на www.adventistmission.org/dvd

За повеќе инфромации за разновидното културно наследство на Индија и јужноазиската дивизија (ЈАD), обратете се на локалната библиотека или на патничката агенција или амбасада на сакананата земја. Внесете го името на земјата на вашиот интернет пребарувач.

Web-сајт на индиската влада: bit.ly/IndiaGovtFacts
ЦИА факти за Индија: bit.ly/IndiaCIA
Wikitravel: bit.ly/wikiIndia
Lonely Planet: bit.ly/PlanetIndia
Wikipedia: bit.ly/WikipediaIndia
Ducksters: bit.ly/DuckstersIndia

Јужноазиска дивизија на адвентистичката црква:
sud.adventist.org

Ви благодарам на посветеноста на мисијата на Христијанската адвентистичка црква, што ги потпомагате браќата и сестрите насекаде во светот, охрабрувајќи ги да учествуваат во мисијата на црквата.

**Средство за остварување на целта**

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување.

Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота).

Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

ГРАДИВО 3/2017
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**